# ОПШТИ И ПОСЕБНИ ДЕЛОВНИ РЕГУЛАТИВИ

## I.ОПШТИ ДЕЛОВНИ РЕГУЛАТИВИ

**Општи одредби**

**1. Опсег на примена и дополнувањата на Општите и Посебните Деловни регулативи за посебни деловни односи**

(1) Опсег на примена

Општите Деловни регулативи го регулираат целокупниот деловен однос помеѓу клиентот и ПроКредит Банка (во понатамошниот текст „Банката"). Дополнително, со Посебни Деловни регулативи се уредуваат и регулираат посебните деловни односи кои се составен дел на Општите Деловни регулативи. Клиентот ги прифаќа и се согласува со Општите и Посебни Деловни регулативи од моментот на барање, односно склучување на деловен однос со Банката.

Со прифаќањето на Општите и Посебните Деловни регулативи на Банката во моментот на отпочнувањето на деловната соработка со Банката, клиентот ги прифаќа и нивните измени и дополнувања кои се објавуваат во просториите на Банката како пречистен и интегрален текст, како и на веб страната на Банката.

(2) Објавување и измени

Општите и Посебните Деловни Регулативи се јавни и се објавуваат на видно место за клиентите во сите простории на Банката и на нејзината веб страна.

Сите измени и дополнувања веднаш се објавуваат како пречистен и интегрален текст, без посебно означување на промените.

Клиентот ги прифаќа Општите и Посебните Деловни регулативи на Банката со секоја услуга за која ќе се поднесе барање или ќе се користи од негова страна, а ја нуди Банката. Во текот на понатамошната деловна соработка со Банката примерок од Општите и Посебните Деловни Регулативи ќе му издава на клиентот единствено на негово барање.

**2. Банкарска тајна и објавување на банкарските активности**

(1) Банкарска тајна

Банката има обврска да ги чува како тајна сите податоци поврзани со клиентот (банкарска тајна). Банката има право да ги објави информациите кои се однесуваат на клиентот со негова изрична согласност дадена со писмено известување и кога со закон е пропишано објавување на податоците и информациите. Доколку од страна на овластен државен орган, институција или од надлежен суд, со легитимна наредба врз основа на закон е побарана информација која се однесува податоците поврзани со клиентот Банката е должна тие податоци да ги даде.

(2) Објавување на банкарските активности

Под објавување на банкарските активности се подразбира секое откривање на детали за и околу истите и тоа општи изјави и коментари што се однесуваат на економскиот статус, кредитната способност и солвентност на клиентот.

(3) Предуслови за објавување на банкарските активности

Детали за банкарските активности се откриваат само ако страната која ги бара има оправдана основа и не постои причина да се претпостави дека објавувањето на таквите информации ќе биде во спротивност со законските права на клиентот или позитивните законски прописи.

**3. Обврски на Банката**

(1) Принцип на одговорност

При извршување на своите обврски Банката треба да сноси одговорност само за поголема небрежност од страна на своите вработени. Доколку Посебните Деловни регулативи за одредени деловни односи или други договори содржат поинакви одредби, истите ќе се применуваат.

(2). Постапување по налози на надлежна институција

Доколку од страна на надлежна институција е доставен Налог за парично побарување, кое по сметката кај Банката му припаѓа на физичкото лице, Банката е должна во законски предвидениот рок да го спроведе налогот за извршување доставен од страна на надлежната институција.

(3) Нарушувања во работата

Банката нема да сноси одговорност за било какви загуби предизвикани од виша сила, нереди, војни или природни непогоди или поради други причини кои не се по вина на Банката (пример: штрајк, ликвидација, сообраќаен метеж, административни акти од домашни или странски надлежни тела).

**4. Штета по вина на клиентот**

Во случај Банката да претрпи штета по вина на клиентот (пример: нарушување на обврските за соработка, назначено во точка 11 од овие Деловни регулативи), Банката ќе го одреди нивото до кое клиентот ќе ја поднесе загубата.

**5. Поднесување на барања и приговори од страна на клиентите**

Клиентот може да поднесе писмено барање или приговор до Банката , а Банката е должна во разумен рок писмено да му одговори и доколку се оцени дека барањето или приговорот е оправдан Банката ќе одреди и соодветен надомест.

**6. Право на располагање по смртта на клиентот**

Во случај на смрт на клиентот, Банката правото на располагање со средствата го доделува на наследниците кои се наведени во правосилно Судско/Нотарско решение за расправање на оставината. По барање на Банката, а од страна на наследниците наведени во Судското/Нотарското решение за распраање на оставината, документите кои се на странски јазик на Банката задолжително треба да и се достават со превод на македонски јазик, преведени од страна на овластен судски преведувач и заверени на нотар.

**7. Регулатива**

За сите деловни односи помеѓу клиентите и Банката ќе се применуваат позитивните законски прописи во Република Северна Македонија.

**Одржување на сметки**

**8. Известувања и Изводи за состојбата на трансакциските сметки**

(1)За состојбата на настанатите промени на сметката, Банката го известува сопственикот на сметката со доставување на извод за промените и состојбата на средствата на сметката на барање на Клиентот. Изводот за промените и состојбата на сметката на клиентот му се достапни преку системот за електронско банкарство. Се смета дека Клиентот го прифаќа изводот како точен доколку не го оспорил не подоцна од триесет дена од датумот на кој се однесува изводот. Сопственикот на сметка е должен да ја провери точноста на изводите и доколку утврди неправилности да достави приговор до Банката во погоренаведниот рок.

(2) Време за приговори; потврда без приговор

Било кој приговор од клиентот кој се однесува на неточност или непотполност на изводот за состојба, мора да се поднесе во пишана форма не подоцна од триесет дена од датумот на кој изводот се однесува. Доколку не се достави приговор во овој рок, изводот ќе се смета како прифатен.

**9.Ризици поврзани со девизните сметки и девизните трансакции**

(1)Извршување налози поврзани со девизни сметки

Девизните сметки на клиентот служат за извршување на готовински и безготовински плаќања и наплати во странска валута.

Извршувањето на плаќањата преку девизните сметки (налози) се реализираат преку или од страна на кореспондентските банки, освен ако не се работи за интерен налог и плаќање кое целосно се извршува во рамки на Банката согласно регулативите за девизно работење.

(2) Одобрување по основ на девизни трансакции со клиенти

Ако Банката склучува трансакција со клиентот врз основа на која треба да изврши исплата на девизен износ, таа ќе ја изврши својата девизна обврска преку кредитирање на сметката на клиентот за соодветниот износ во соодветната валута.

(3) Привремени ограничувања во работењето на Банката

Банката нема обврска да ја изврши наплатата на девизните побарувања или да ги изврши девизните обврски, се додека поради било која причина таа е спречена или ограничена во можноста да располага со валутата во која девизните побарувања или обврски се деноминирани, како резултат на виша сила, политички мерки или настани во земјата. Се додека такви мерки и настани постојат, Банката не е обврзана ниту да ги извршува во некое друго место надвор од земјата на соодветната валута, во некоја друга валута (вклучувајќи ја и домашната валута) или преку обезбедување на готовина. Правото на клиентот и на Банката да се спогодат и да ги порамнат меѓусебните обврски и побарувања во иста валута нема да биде ограничено од горенаведените одредби.

**10. Обврска на клиентот за соработка**

(1) Промена на име, адреса, овластување и други лични податоци за претставување пред Банката

Деловните правила бараат клиентот без одложување да ја извести Банката за било какви промени, а најдоцна во рок од 3 дена на своето име, адреса или друг вид на личен податок, како и за прекинување или промена на било какво овластување пред Банката кое се однесува на овластениот застапник. Оваа обврска за известување постои и кога овластувањата за претставување, како и нивното прекинување или измена се заведени во јавен регистар.

Се до приемот на известувањето од страна на Клиентот, ќе се смета дека податоците со кои располага Банката и се содржани во Договорот се валидни и секое превземено дејствие/достава согласно тие податоци ќе се смета за уредно.

Банката не превзема било каква одговорност за настанатата штета по основ на договорот во случај на ненавремено доставување на информација за измена на податоци за Клиентот, доставени до Банката согласно Договорот.

Сите известувања поврзани со Договорот, Договорните страни ќе ги испраќаат електронски или во писмена форма на адресите/е-маилот наведени во Договорот. Се смета дека сите известувања се примени со истекот на третиот работен ден од датумот на предавање во пошта/испраќање на е-маилот, доколку се испратени на адресите наведени во Договорот.

**11. Трансфери**

(1) Читлив и јасен налог за трансфер

Налозите и инструкциите мора недвосмислено и јасно да ја прикажуваат содржината на трансакцијата.

Конкретно, кога е даден налог за трансфер, клиентот мора да се осигура дека податоците на налогот се точни, комплетни и без грешки, и тоа во однос на името на налогопримачот и бројот на неговата трансакциска сметка. Клиентот кој го дава налогот исто така, е обврзан да ги достави сите потребни документи за извршување на трансферот, согласно важечките законските прописи.

(2) Отповикување/Откажување

Клиентот може да го отповика или откаже налогот само доколу сеуште не е извршен. Доколку налогот е извршен и средствата реално се префрлени, Банката ќе направи напори да го отповика плаќањето пред да се изврши конечната исплата на трансакциска сметка на налогопримачот. Сепак, Банката не може да гарантира дека овој напор ќе биде успешен.

(3) Инструкции и реализација на налози

Начинот на давање согласност за извршување на трансакции од стана на клиентот може да биде во една од следниве форми:

- трансакција иницирана во просториите на банката со налог во хартиена форма со своерачен потпис од овластено/ите лоце/а по сметката

- трансакција иницирана со електронски налог потврден со дигитален потпис од клиентот или овластено лице по сметката.

Банката ги дефинира условите за користење на сопствени сертификати (затворен систем) и квалификувани сертификати од овластените издавачи во Р.С. Македонија. Користењето на квалификуваниот сертификат за потпишување на документи со банката, може да биде овозможено со поднесено барање од клиентот до банката за користење на сертификатот за таа цел.

- трансакција иницирана со картичка при што се запазени методите за верификација на клиентот и картичката при плаќањето

Клиентот има право да побара откажување на трансакцијата се до моментот на неотповикување на налогот, односно:

-за интерните трансакции (во рамките на банката) се до моментот на нивна реализација

-за меѓубанкарски трансакции во домашниот платен промет, се до моментот на регистрација на налогот во КИБС/МИПС системот

-за меѓубанкарски трансакии од меѓународен платен промет, се до моментот на регистрација на налогот во SWIFT системот
- за картичните трансакции по авторизација на истите, откажувањето не може да се направи
Банката ја сноси одговорноста за реализација на налозите во согласност на инструкциите дадени од клиентот, односно банката нема да сноси одговорност од евентуални загуби доколку налогот е реализиран со погрешни инструкции поради грешка на клиентот.
(4)Точност на налозите
Сите налози мора јасно да ја отсликуваат нивната содржина. Налозите кои не се јасно напишани подлежат на дополнителни прашања, што може да резултира во доцнење на нивната реализација. Поточно, при давање налози за задолжување на сметка (налози за трансфер), клиентот мора да биде сигурен за точноста и комплетноста на името на клиентот, неговата сметка, како и сите останати значајни елементи од платниот инструмент.
Трансферите во земјата подлежат на одредбите од Законот за платен промет додека трансферите во странство подлежат на одредбите од Законот за девизно работење и останатата важечка регулатива.
Доколку давателот на налогот има забелешки, истиот треба навремено да поднесе приговор во однос на налогот.
(5) Проверки и приговори на известувањата добиени од Банката
Клиентот мора веднаш да ја провери состојбата на сметката, на изводот, реализација на налозите, како и информациите за очекуваните приливи, нивната точност и комплетност и доколку има забелешки, веднаш да поднесе приговор во врска со тоа.
Банката без одложување ќе го разгледа приговорот и доколку истиот го оцени како оправдан ќе го оцени и нивото на надомест.
(6)Најава за повлекување на поголем износ
Доколку клиентот подигнува готовина на износ поголем од 600.000,00 МКД или средства во странска валута во противвредност од 600.000,00 МКД, повлекувањето на средствата треба да го најави 1 ден претходно.

**12. Надоместок за банкарските услуги**
(1)Банката има обврска да го информира клиентот за провизиите за услугите кои ги нуди преку Официјалната тарифа на Банката, истакната на јавно место во просториите на секоја експозитура или на веб страната на Банката.
(2) Провизиите за услугите се одредени во Официјалната тарифа на Банката.
Ако клиентот користи услуга наведена во Официјалната тарифа, и нема посебен договор помеѓу Банката и клиентот, се применуваат провизиите наведени во важечката тарифа на Банката. Со склучувањето на Договорот клиентот ја овластува Банката да ги наплатува надоместоците и трошоците предвидени со Официјалната тарифа на Банката со задолжување на сметката.
Во случај кога со посебен интерен акт на Банката или Договор помеѓу Банката и клиентот се дефинирани посебни услови за работење со поединечни клиенти или група клиенти, со склучување на Договор клиентот ја овластува Банката да ги наплатува надоместоците и трошоците предвидени, во Договорот или посебниот интерен акт на Банката за задолжување на неговата сметка во Банката.
За услугите кои не се наведени во тарифата, а се направени врз основа на инструкциите на клиентот, или за кои се смета дека се во интерес на клиентот и за кои се очекува дека можат да бидат извршени во дадени услови и само за соодветен надоместок, Банката ќе има дискреционо право да одреди разумен надоместок.
(3) Промени во провизиите за услуги
Банката има дискреционо право да ги промени цените на услугите во рамките на деловниот однос ги користи (пример: провизија за Сет на банкарски услуги) , при што за секоја промена го информира клиентот со истакнување на тарифата на Банката како пречистен текст на јавно место во просториите на секоја експозитура и на веб страната на Банката.

**13.Престанок на деловниот однос**
(1) Права на престанок на деловниот однос од страна на клиентот
Клиентот може во било кое време да го прекине деловниот однос со Банката во целост или делумно, само доколку претходно не е дефинирано времето или не постои друга клаузула за раскинување и доколку ги има подмирено сите обврски кон Банката и Банката нема други побарувања.
(2) 16. Права на престанок на деловниот однос од страна на Банката
Престанок со претходно известување
Со запазување на пропишаниот период за престанок на деловниот однос, согласно со закон, со претходно известување, Банката може во секој момент да го прекине деловниот однос со клиентот, во целост или делумно, за кој претходно не е дефинирано времето или друга клаузула за раскинување.
Престанок од оправдани причини без известување
Престанокот на деловниот однос во целост или делумно, без известување на клиентот е дозволено ако постои оправдана причина, врз основа на која за Банката е неприфатливо продолжувањето на деловниот однос по разгледување на одредени неповолни факти за клиентот. Таквата причина се однесува но не се ограничува на ситуации кога клиентот презентирал неточни извештаи за неговиот финансиски статус, имајќи предвид дека таквите извештаи биле од големо значење за донесување на одлука на Банката.

## II.ПОСЕБНИ ДЕЛОВНИ РЕГУЛАТИВИ

**1.**Во согласност со домашната и меѓународната регулатива во делот на идентификување и верификување на клиенти, клиентот при воспоставување на деловен однос со Банката е должен да пополни Апликација за регистрирање на клиент. Апликацијата за регистрација на клиент потребно е да се пополни и потпише од страна на клиентот при:
1. Стапување во деловен однос
2. Пормена на податоци за клиентот во текот на деловниот однос

**14. Трансакциска сметка**
Трансакциска сметка е сметка која претставува единствен и неповторлив нумерички податок кој служи за идентификација на учесникот во платниот промет. Сметката се користи како инструмент за примање на сите приливни плаќања на клиентот и сите задолжувања на сметката од страна на клиентот. Состојбата на сметката е разлика помеѓу салдото од претходниот ден зголемено за приливите и намалено за одливите на истата. Банката согласно офицојалниот тарифник не пресметува камата на позитивното салдо на транскациските сметки на клиентот.
**14.1 Отворање, пријавување, водење, блокирање и затварање на сметки**
Согласно позитивните Законски прописи во Р. Северна Македонија, едно физичко лице не може да има двоен статус. Физичкото лице кое ќе се изјасни како резидент, истовремено не смее да има статус на нерезидент, и обратно, доколку се изјасни како нерезидент, не смее истовремено да има статус на резидент.
Банката отвора сметки по писмено барање на клиентот, преку потпишување на Договор/и и истите ги води, во согласност со интерните акти на Банката и важечката Законска регулатива. Клиентот е должен да ги обезбеди сите потребни документи и податоци на Банката согласно важечките интерните акти на Банката и Законска регулатива .
Банката ги пријавува новоотворените денарските трансакциски сметки како и промените на истите во Единствениот Регистар на Трансакциски сметки кој се води во Клириншката куќа и е единствена база на податоци и евиденција на имателите на сметки во домашниот платен промет. Банката се обврзува дека податоците ќе ги чува како доверливи во согласност со важечката Законска регулатива.
Во случај кога клиентот поседува денарска трансакциска сметка или девизна трансакциска сметка во одредена валута и добие девизен прилив во друга странска валута, Банката има право да отвори трансакциска сметка во соодветната валута врз основа на постоечката валидна документација за клиентот, со цел дозначување на пристигнатиот прилив. За дозначувањето на приливот согласно позитивните Законски прописи во Р. Северна Македонија Банката ќе го извести клиентот.

(1) Резиденти
Резидентот – физичко и правно лице може да има повеќе денарски трансакциски сметки во една или повеќе Банки, како и повеќе девизни сметки, при што секоја сметка треба да има посебен договор.

(2)Нерезиденти
Нерезидентот- - физичко и правно лице може да има повеќе денарски или девизни сметки, при што секоја сметка треба да има посебен договор.
Банката е должна за времетраење на Договорот/ите склучен/и со Клиентот на секои 24 месеци/истек на важноста на документот за идентификација да врши редовно ажурирање на податоците и документацијата на Клиентот со приложување на нов документ за идентификација, согласно со законските прописи и интерни акти на банката.
Банката ќе ја ограничи сметката на Клиентот доколку тој не ја обезбеди потребната документација, за ажурирање на податоците во предвидениот рок.
Сметката на Клиентот ќе се ограничи за сите одливни и приливни трансфери се до обезбедување на потребната документација за ажурирање на податоците.
Клиентот ќе може ја обезбеди потребната документација на следните начини:

- во експозитурите на Банката или
- во електронска форма преку системот за електронско банкарство, откако Банката ќе овозможи пристап за достава преку овој канал.

Ограничувањето по сметка ќе биде активно до доставување на потребната документација заради ажурирање на податоците и/или добивање на инструкции за еднократен пренос на средства на сметка на Клиентот во друга банка во земјата или странство, во услови кога Клиентот има поднесено барање за затворање на сметката.
Прием и извршување на налози за плаќање и наплата
Наплата на и плаќање од сметките на нерезидентите се врши согласно прописите кои го регулираат платниот промет со странство.
Уплата во ефективни странски пари на нерезидентни сметки се врши врз основа на налог поднесен од нерезидентот, со поднесување на писмена потврда за внесени ефективни странски пари издадена од Царинската Управа на Државата. Потврдата важи 5 работни дена од денот на издавањето и треба да гласи на лице кое е овластено за располагање со средствата на сметките. Потврдата може да се употреби само за една уплата, независно од тоа дали се внесува целокупниот или износ помал од наведениот во истата. Оригиналната потврда Банката ја заверува со потпис и печат, а фотокопија задржува во својата евиденција. По исклучок, нерезидентот може да врши уплата на ефективни странски пари на девизни сметки, без документ, најмногу до износот за кој согласно прописите, при влегувањето во Р. Северна Македонија не се издава посебна потврда (износ во висина до 10.000 евра) во текот на еден календарски месец. Исто така уплата може да се врши доколку средствата кои се уплатуваат потекнуваат од непотрошени ефективни странски пари претходно повлечени од тие сметки.
Уплата на ефективни денари на денарските сметки на нерезиденти се врши само во случаи кога тие потекнуваат од:
- издадени визни документи од претставништва на странски земји во Република Северна Македонија;
- продадени сопствени превозни документи од претставништва на странски лица кои во Република Северна Македонија вршат агенциски работи во воздушниот сообраќај;
- непотрошени ефективни денари претходно повлечени од нивните сметки во Банката,
Ограничувањата за уплата во ефективни странски пари не се однесуваат на претставништвата на странски земји и меѓународните организации кои во Банката се идентификуваат со документ издаден од Министерството за надворешни работи на Република Северна Македонија.
Начин на вршење на менувачки работи на физички лица
Банката е должна да изврши идентификација на физичкото лице за секое купување / продавање на ефективни странски пари. Лицето нерезидент може да врши купување на ефективни странски пари само врз основа на реоткуп.

Кога нерезидент врши продажба на ефективни странски пари во износ од 10.000 евра и повеќе во денарска противредност Банката е должна да побара и да задржи писмена потврда за внесените ефективни странски пари во Република Северна Македонија издадена од Царинската управа на Република Северна Македонија, или документ во оригинал како доказ дека средствата се подигнати од сметката отворена во Банката.

(3) Полнолетни лица на кои им е одземена или ограничена деловната способност
Деловна способност е способност на лице да изрази релевантна волја за учество во правниот промет
Со сметките на лицата на кои им е одземена или ограничена деловната способност, управува старателот, кому Центарот за социјална работа му издава старателска исправа во која е содржан обемот на неговите овластувања.

**15. Орочени Депозити**
(1) Орочени депозити – општо
Орочените депозити се парични средства кои се прифаќаат за фиксен период, кој се утврдува во моментот на склучување на договорот или пред да се депонираат средствата.
Секој клиент кој поседува орочена сметка, задолжително треба да поседува и трансакциска сметка во соодветната валута. Клиентот ја овластува Банката сите уплати и исплати по орочената сметка да ги евидентира на поврзаната трансакциска сметка на клиентот. Оваа сметка не може да се затвори се додека орочената сметка е активна. Каматната стапка е фиксна за договорениот рок. Орочените депозити со автоматско реорочување се реорочуваат со каматна стапка која е во согласност со Официјалната тарифа на Банката на денот на реорочувањето. Важноста на договорот се продолжува за истиот рок дефиниран во договорот/ите склучен/и со клиентот, притоа главницата од претходниот период ќе претставува нова главница за новиот период, а износот на доспеаната камата за последниот месец Банката се обврзува да го пренесе на трансакциската сметка на Клиентот, освен доколку Клиентот, најдоцна еден работен ден пред денот на истекот на рокот, лично во банката или преку електронски пат користејќи го системот на Електронското Банкарство и/или Мобилната апликација изјави дека не се согласува со продолжување на важноста на договорот за орочен денарски/девизен депозит. Во тој случај Банката се обврзува да го пренесе износот на орочените девизни/денарски средства дефинирани во Договорот заедно со каматата за последниот месец на трансакциската сметка на Клиентот.
(2) Времетраење на депозитот
Траењето на депозитот започнува на денот кога се вложуваат средствата на депозитна сметка и се склучува договор за депозит, а завршува точно на денот кога ќе истече договорениот рок. Можните рокови на орочување на средствата се дадени во Официјалната тарифа на Банката. Различни рокови на орочените депозити од оние предвидени во Официјалната тарифа можат да бидат понудени со каматна стапка еднаква на каматната стапка за првиот претходен период.
Со исклучок, во посебни ситуации Банката може да одобри орочување на период пократок од еден месец или во точно одреден број на денови. Во овие случаи каматните стапки се одредуваат засебно за секој депозит.
(3) Минимален износ
Минималниот износ што може да се вложи како орочен депозит е наведен во Официјалната тарифа на Банката.
(4) Камата
Каматата се пресметува од денот кога средствата се вложуваат до денот на доспевање. Пресметаната доспеана камата се префрла на месечно ниво на соодветна трансакциска сметка согласно Договорот склучен со клиентот за орочување .
(5) Исплата / Затворање на орочена сметка
Во текот на периодот, не се дозволени исплати од орочената сметка, .
Банката пресметува и исплаќа камата за предвремено повлекување на орочен депозит определена со Официјалната тарифа на Банката за таа намена која може да е еднаква, но не и поголем од предходно исплатената камата. Истиот се наплаќа од депонираниот износ, намалувајќи го за веќе исплатената камата. Независно од износот кој се исплаќа на клиенто, иницијално депонираниот износ останува непроменет.

**16. СМС услуга**
Банката го задржува правото да реализира промени на видот на известувањата кои ќе ги испраќа до клиентот преку СМС пораки.
Преку Услугата Банката му овозможува на Клиентот добивање на информации преку СМС известувања кои се во согласност со договорените услови.
Банката доставува известувања согласно дефинираните рокови во Договорот/ите склучен/и како и согласно законските прописи и интерни акти на Банката.
Со овозможувањето на оваа Услуга, Клиентот се согласува да добива и други бесплатни известувања кои би произлегле од деловната соработка помеѓу договорните страни односно банката и Клиентот за кои Банката не наплатува надоместок. Банката го задржува своето право да испрати и известувања кои би произлегле од деловната соработка помеѓу договорните страни на пр. известување за доспевање на долг и/или слично, кои не се предвидени со Апликацијата во текот на времетраењето на овој договорен однос.
Активирањето на Услугата се врши врз основа на потпишаното Барање на клиентот. Клиентот има право во секое време, без надомест со писмено Барање лично доставено во деловните простории на Банката или преку системот за електронско банкарство ја откаже Услугата.
Банката има право да го прекине користењето на Услугата без претходно образложение доколку Клиентот не ги почитува договорените услови или нередовно го подмирува месечниот надомест за истата.
Клиентот е согласен Банката да му наплатува надоместок за СМС Услугата согласно официјалниот тарифник на Банката.
Доколку Клиентот нема доволно средства на трансакциската сметка, Банката го задржува своето право наплатата на побарувањето по основ на користењето на Услугата да ја изврши од постоечките средства Клиентот по сите тековни и идни денарски и девизни приливи на неговите сметки во Банката.
Банката се обврзува да ги заштите личните податоци согласно Законските прописи и интерните акти на Банката.
Банката гарантира за доверливоста и интегритетот на податоците до моментот на нивното излегување од информативниот систем на Банката. Клиентот се откажува од било каков надомест на штета настаната од неиспорачувањето или ненавремената испорака на СМС пораката испратена од страна на Банката а која неиспорака би настанала поради технички проблеми.

**17.Заврши одредби**
Општите и Посебни Деловни регулативи на Банката се достапни на македонски јазик.

## II.1 ПОСЕБНИ ДЕЛОВНИ РЕГУЛАТИВИ (ФИЗИЧКИ ЛИЦА)

**18.Раскинување на договор за Сет на банкарски услуги**
Договорот за Сет на банкарски услуги може да се раскине од страна на една од договорните страни како и доколку се исполнети условите наведени погоре кои се однесуваат на неактивни сметки. Банката може да го раскине договорот за отварање на сметка доколку Клиентот се однесува спротивно на Општите и Посебните Деловни регулативи на Банката со донесување на Одлука, доколку се исполнети условите предвидени со законски прописи, како и врз основа на Правосилно судско решение. Сопственикот на сметка може да го раскине Договорот само доколку претходно ги изврши сите обврски предвидени со Официјалната тарифа на Банката.

**19. Штедни Влогови**
(1) Штедни Влогови
Секој клиент може да поседува максимум еден тип штедна сметка по валута. Клиентот ја овластува Банката сите уплати и исплати по штедната сметка да ги евидентира на поврзаната трансакциска сметка на клиентот. Оваа сметка клиентот не смее да ја затвори се додека штедната сметка е активна.
(2)Банката за сите направени приливи и одливи на сметка на Клиентот му издава извод за состојба на следниот начин:
-во експозитурите на Банката или
-во електронска форма преку системот на електронско банкарство.
Сите уплати и исплати од штедната сметка се евидентираат во електронската штедна книшка која на клиентот му е достапна преку системот за електонско банкарство. (3) Минимален влог
Согласно интерните акти на Банката депонирање на минимален износ не е обврзувачки услов во моментот на отварање на штедната сметка.
(4) Камата
(а) Каматна стапка по видување
Доколку не е поинаку договорено, Банката ќе му плаќа камата на клиентот по стапката што е назначена во Официјалниот тарифник на Банката. Каматната стапка на штедната сметка е променлива, а Банката ќе го извести Клиентот за промените објавени во официјалниот тарифникк на банката, кој е истакнат на јавно место во просториите на нејзините експозитури или на нејзината веб страна.
Во одредени исклучителни случаи Банката може да одобри повластена каматна стапка согласно важечките интерни акти.
**(5)Ракинување на штеден влог**
Клиентот може да го раскине штедниот влог во било кое време, лично во експозитурите на банката или преку Системот за електронско банкарство и/или Мобилната апликација
Банката ќе направи нова пресметка на камата и тоа од првиот ден во тековниот месец на поднесување на барање за раскинување на Договорот или денот на последна исплата на каматата, па се до денот на раскинувањето на Договорот.
Банката може да го раскине овој Договор во било кое време, со доставување на известување по електронски пат преку системот на Електронското Банкарство или со испраќање на е-маил до Клиентот. Се смета дека сите известувања се примени со истекот на третиот работен ден од датумот на испраќање на известувањата, доколку се испратени на адресите наведени во овој Договор.
Во случај на раскинување на Договорот од страна на Банката, истата ќе направи нова пресметка на камата и тоа првиот ден во тековниот месец или денот на последна исплата на каматата, па се до денот на раскинувањето на истиот, и вкупниот износ ќе го пренесе на трансакциската сметка на Клиентот.

**20. Mastercard дебитна картичка**
*ОПШТИ ПРАВИЛА ЗА ИЗДАВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ДЕБИТНА КАРТИЧКА*

**Издавање и активација на картичка**
- Картичката е и останува во сопственост на Банката и истата мора да биде вратена во Банката по нејзино барање.
- Картичката може да биде издадена на секое лице кое има право да отвори трансакциска сметка во Банката или е овластено на трансакциска сметка отворена во Банката.
- Картичката и активацискиот ПИН мора да се подигнат лично од Клиентот во Банката, односно да бидат предадени лично на клиентот доколку картичката се испраќа по пошта.Картичката има важност од пет години од датумот на издавање.
- Активирањето на картичката започнува по внес на активацискиот ПИН, кој се променува со првото внесување на картичката на банкомат во опцијата за Промена на ПИН на банкоматите. Промената на активацискиот ПИН заради активирање на картичката не подлежи на наплата на провизии од страна на Банката согласно официјалниот тарифник на банката.
- По успешното активирање на картичката, истата се користи, односно Клиентот се идентификува со внес на променетиот ПИН (во натамошниот текст ПИН код).

**Издавање и активирање на картичка доставена по пошта**
- Доколку клиентот живее во населено место каде банката нема Услужна единица, банката ќе му ја достави на клиентот картичката по пошта на адресата која е регистрирана во банкарскиот систем на банката согласно валиден документ за идентификација приложен од клиентот. Испраќањето на картичка по пошта во оваа ситуација е апликативно за новоизработени картички, како и за картички изработени поради губење, кражба или злоупотреба на постоечка/веќе издадена картичка.
- При прием на пратката, клиентот е должен да провери дали пратката е уредно ставена во затворен коверт. Доколку постои сомнеж дека пратката не е уредно доставена, клиентот е должен истото да го пријави веднаш во Контакт Центарот на банката. Клиентот има право да одбие прием

на пратка за која се сомнева дека не е уредно доставена. Со потпишување на доставница клиентот се согласува дека примил уредна пратка.
- При прием на картичката, клиентот е должен да ја потпише картичката, во спротивно картичката ќе се смета за неважечка и банката нема да ја сноси одговорноста од евентуални загуби. Со потпишувањето на картичката клиентот ги прифаќа Општите правила за издавање и користење на *Master* дебитна картичка за физички лица.
- Банката на клиентот заедно со картичката му доставува и активационен ПИН. За активирање на картичката клиентот е должен да се јави во Контакт Центарот. По успешно реализирана идентификација на клиентот преку Контакт Центарот на банката со метод на верификација на идентификационен код, клиентот, добива идентификационен код преку СМС порака испратена на мобилниот телефон на клиентот кој е потврден од негова страна со формулар за ажурирање на податоци. Картичката ќе може да се активира на било кој банкомат на територијата на Р. Северна Македонија.

**Користење на картичката**

- Клиентот има обврска да ги плати сите трошоци кои произлегуваат од употребата на картичката согласно со тарифата на Банката. Клиентот може да ја употребува истата за купување и плаќање на стоки и услуги на сите продажни места во Р. Северна Македонија и во странство означени со знакот на соодветната дебитна картичка, како и за плаќања преку интернет или телефон.
- Секое повлекување на готовина на ПОС терминали повлекува наплата на провизија согласно тарифата на Банката.
- Оваа дебитна картичка е поврзана со една главна сметка. Клиентот е согласен дека сите трансакции направени со картичка ќе може да ги користи единствено преку главната трансакциска сметка. Картичката на барање на клиент може да се поврзе со една дополнителна сметка во друга валута. Средствата од дополнителната сметка, клиентот може да ги користи само преку банкоматите на ПроКредит Банка АД Скопје
- Клиентот може да внесува готовина на банкоматите во сопственост на Банката, .Клиентот не може да врши промена на главната сметка, откако ја избрал како главна, освен ако не добие известување од страна на Банката дека истото е можно.
- Банката му овозможува на клиентот да направи промена на ПИН-от и во текот на користењето на картичката преку банкомати или преку е-банкарство доколку опцијата е овозможена. Промена на ПИН-от се наплаќа согласно важечкиот Официјален тарифник на банката.
- Во случај кога картичката е со истечен рок на важење, оштетена или слично, Клиентот мора истата да ја врати во Банката, а одговорно лице од Банката мора да ја поништи со пресекување на картичката на два дела.
- Клиентот е обврзан да ги плати сите трошоци поврзани со извршените трансакции.
- Во случај на губење, заборавање или блокирање на картичката и ПИН кодот, Банката овозможува повторно издавање согласно официјалниот тарифник на Банката.
- Клиентот ја овластува Банката да ги задолжи неговите трансакциски сметки за износот на секоја трансакција, и за секое плаќање кои произлегуваат од употребата на картичката во Северна Македонија или во странство.
- Клиентот го прифаќа важечкиот курс на Банката на денот на трансакцијата и административните трошоци поврзани со трансакциите.
- Промена на максималниот лимит на картичката се реализира на барање на клиентот. Промената може да се направи во експозитурите на банката или преку Системот за електронско банкарство доколку истото е овозможено.

**Рекламации**

- Во случај на било какви рекламации во врска со квалитетот и квантитетот на стоките и услугите, Клиентот мора да ги разреши со трговецот. Банката не е одговорна за квалитетот и квантитетот на стоките и услугите купувани со картичката. Без оглед на рекламацијата, Клиентот е должен да ги подмири сите износи направени со користењето на картичката.
- Банката не сноси одговорност за штети настанати при употреба на картичката и кои се резултат на околности на кои банката не може да влијае, како што се: одбивање и неисправно авторизација поради грешки во центарот на авторизација или телекомуникациска линија, прекин на електрична енергија, расипување на банкомат инт.
- Банката не сноси одговорност за потенцијално одбивање од страна на трговецот да ја прифати картичката.
- Користењето на картичката може да биде оневозможено во електронските читачи поради физички, топлински или магнетени оштетувања и деформација на картичката. Во наведените случаи банката не сноси одговорност за оневозможувањето да се реализира трансакција.

**Престанок на важност на картичката**

- По истекот на рокот на важноста, картичката не е активна и не смее да се користи.Банката реализира автоматска обнова на картичките доколку главната сметка со која е поврзана картичката е активна, освен во случај на барање за откажување од страна на Клиентот или Банката триесет дена однапред.

**Откажување на картичката**

- Банката може да ги одземе привилегиите за користење на картичката на **Клиентот** во секое време без одобрение на **Клиентот**.
- Трговците можат да ја задржат картичката, да ја пресечат на два дела пред очите на **Клиентот** и да ја однесат во Банка, во случај на користење на картичката од страна на друго лице или по добивање инструкции од Банката.
- Во двата случаи, раскинувањето нема да има влијание на постоечките и нереализирани обврски на **Клиентот** според Договорот.

**Ограничување/Раскинување на Договор/Блокирање на картичката**

- Банката го задржува правото да го раскине Договорот и да ја блокира картичката во секое време, доколку се посомнева во начинот на користење на картичката.
- Картичката ќе остане во сопственост на Банката која може по сопствено дискреционо право да ја прекине важноста или да ја блокира картичката во секое време. Клиентот во тој случај треба да престане да ја користи картичката и веднаш да ја врати во Банката. **Клиентот** ќе биде одговорен доколку продолжи да ја користи картичката по истекувањето на нејзината важност.

**Законска регулатива и надлежности**

Секое користење на картичката кое не е во согласност со општите правила за издавање и користење на дебитна картичка, ќе предизвика автоматско откажување на картичката и Банката има право да превземе законски постапки против **Клиентот**.

**21. Mastercard кредитна картичка**

*ОПШТИ ПРАВИЛА ЗА ИЗДАВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА КРЕДИТНА КАРТИЧКА*

**Издавање и активација на картичка**

- Картичката е и останува во сопственост на Банката и истата мора да биде вратена во Банката по нејзино барање.
- Картичката може да биде издадена на секое лице кое има право да отвори трансакциска сметка во Банката или е овластено на трансакциска сметка отворена во Банката.
- Картичката и активацискиот ПИН мора да се подигнат лично од Клиентот во Банката.
- Картичката има важност од две години од датумот на издавање.
- Активирањето на картичката започнува по внес на активацискиот ПИН, кој се променува со првото внесување на картичката на банкомат во опцијата за Промена на ПИН на банкоматите. Промената на активацискиот ПИН заради активирање на картичката не подлежи на наплата на провизии од страна на Банката согласно официјалниот тарифник на банката.
- По успешното активирање на картичката, истата се користи, односно Клиентот се идентификува со внес на променетиот ПИН (во натамошниот текст ПИН код).

**Користење на картичката**

- Клиентот има обврска да ги плати сите трошоци кои произлегуваат од употребата на картичката согласно со тарифата на Банката. Клиентот може да ја употребува истата за купување и плаќање на стоки и услуги на сите продажни места во Република Северна Македонија и во странство означени со знакот на соодветната картичка, како и за плаќања преку интернет или телефон.
- Секое повлекување на готовина на ПОС терминали повлекува наплата на провизија согласно тарифата на Банката.
- Банката му овозможува на клиентот да направи промена на ПИН-от и во текот на користењето на картичката преку банкомати или преку е-банкарство доколку опцијата е овозможена. Промена на ПИН-от се наплаќа согласно важечкиот Официјален тарифник на банката.
- Во случај кога картичката е со истечен рок на важење, оштетена или слично, Клиентот мора истата да ја врати во Банката, а одговорно лице од Банката мора да ја поништи со пресекување на картичката на два дела.
- Клиентот е обврзан да ги плати сите трошоци поврзани со извршените трансакции.
- Во случај на губење, заборавање или блокирање на картичката и ПИН кодот, Банката овозможува повторно издавање согласно официјалниот тарифник на Банката.
- Клиентот го прифаќа важечкиот курс на Банката на денот на трансакцијата и административните трошоци поврзани со трансакциите.
- Промена на максималниот лимит на картичката се реализира на барање на клиентот. Промената може да се направи во експозитурите на банката или преку Системот за електронско/мобилно банкарство доколку истото е овозможено.

**Рекламации**

- Во случај на било какви рекламации во врска со квалитетот и квантитетот на стоките и услугите, истите Клиентот мора да ги разреши со трговецот. Банката не е одговорна за квалитетот и квантитетот на стоките и услугите купувани со картичката. Без оглед на рекламацијата, Клиентот е должен да ги подмири сите износи направени со користењето на картичката.
- Банката не сноси одговорност за штети настанати при употреба на картичката и кои се резултат на околности на кои банката не може да влијае, како што се: одбивање и неисправна авторизација поради грешки во центарот на авторизација или телекомуникациска линија, прекин на електрична енергија, расипување на банкомат инт.
- Банката не сноси одговорност за потенцијално одбивање од страна на трговецот да ја прифати картичката.
- Користењето на картичката може да биде оневозможено во електронските читачи поради физички, топлински или магнетени оштетувања и деформација на картичката. Во наведените случаи банката не сноси одговорност за оневозможувањето да се реализира трансакција.

**Престанок на важност на картичката**

- По истекот на рокот на важноста, картичката не е активна и не смее да се користи. Банката реализира автоматска обнова на картичките, доколу клиентот редовно го подмирувал долгот за време на важењето на картичката.
- Банката го задржува правото да не изврши обнова на картичката по истекување на рокот на истата.

**Откажување на картичката**

- Банката може да ги одземе привилегиите за користење на картичката на **Клиентот** во секое време без одобрение на **Клиентот**.

- Трговците можат да ја задржат картичката, да ја пресечат на два дела пред очите на **Клиентот** и да ја однесат во Банка, во случај на користење на картичката од страна на друго лице или по добивање инструкции од Банката.
- Во двата случаи, раскинувањето нема да има влијание на постоечките и нереализирани обврски на **Клиентот** според Договорот.

**Ограничување/Раскинување на Договор/Блокирање на картичката**

- Банката го задржува правото да го раскине Договорот и да ја блокира картичката во секое време, доколку се посомнева во начинот на користење на картичката.
- Картичката ќе остане во сопственост на Банката која може по сопствено дискреционо право да ја прекине важноста и/или да ја блокира картичката во секое време. Клиентот во тој случај треба да престане да ја користи картичката и веднаш да ја врати во Банката. **Клиентот** ќе биде одговорен доколку продолжи да ја користи картичката по истекувањето на нејзината важност.

**Законска регулатива и надлежности**

Секое користење на картичката кое не е во согласност со општите правила за издавање и користење на кредитна картичка, ќе предизвика автоматско откажување на картичката и Банката има право да превземе законски постапки против **Клиентот**.

**22..Електронско банкарство**

*ОПШТИ ПРАВИЛА ЗА ИЗДАВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКО БАНКАРСТВО*

**Користење на системот на електроsнко банкарство**

Банката му издава на клиентот активациски код за инсталација на дигитален сертификат инсталиран на мобилен уред (мобилна апликација) на негово барање и тоа на следниот начин:
- Доколку барањето е иницирано во експозитурите на банката, активацискиот код на клиентот ќе му биде испратен по СМС порака на мобилниот број/еви за кои клиентот се има изјаснето и за кои има пополнето соодветен формулар за ажурирање на личните податоци.
- Доколку барањето е иницирано преку системот за електронско банкарство, активацискиот код на клиентот ќе му биде овозможен преку самиот систем за електронско банкарство.

Во случај на неовластено користење на системот на електронско банкарство, Клиентот е должен веднаш да ја извести банката.

Банката не сноси одговорност за евентуални загуби настанати поради:
- Извршена авторизација преку системот за електонско банкарство која е настаната со злоупотреба на системот поради негрижливо чување или користење на корисничките имиња, лозинки, софтверски апликации или уреди;
- Давање на неточни податоци на банката за достава на податоците за пристап кон системот за електронско банкарство;
- Злоупотреба на информации кои се добиени по пат на преслушкување на телефонските линии или следење на GMS сообраќај (СМС пораки) од страна на неовластени лица;
- Погрешени или неправилно дадени инструкции од страна на клиентот
- Безбедносен пропуст на уредите кои ги користи клиентот (злонамерен софтвер, вирус и сл.)
- Други околности кои се надвор од надлежноста на банката (на пример: штети предизвикани од виша сила, штрајк, одлуки и дејствија на органите на власта, пречки во Платниот промет, во телекомуникациските врски и врските наменети за електронско банкарство.)

Банката има право да го оневозможи користењето на Системот за Електронско банкарство врз основа на известување од Клиентот за губење, кражба на лозинките или уредот или пак неовластен пристап до Системот.

Сите налози пратени пред прекинот на Системот за Електронско банкарство ќе бидат обработени.

Клиентот сноси целосна одговорност за точноста на сите електронски потпишани налози. Банката не одговара за неправилно пополнетите налози и не сноси одговорност во случај кога налогот на Клиентот е одбиен во системот за домашен платен промет каде што одбивањето е резултат на грешка на Клиентот.

Договорните страни се согласни дека при вршење на трансакции од меѓународниот платен промет, менувачко работење и останати плаќања, а заради извршување на купопродажба на девизи, целокупната документација која треба да се достави на Банката, а согласно прописите кои го уредуваат меѓународниот платен промет, Клиентот ќе ги доставува во електронска/скенирана форма.

За добивање право за користење на Системот за електронско банкарство, Клиентот ќе достави на Банката апликација за системот за Електронско банкарство, составен дел на Договор/и потпишан/и со клиентот. На апликацијата за системот за Електронско банкарство мора да бидат читливо исполнети сите податоци кои таа ги побарува.
Клиентот има право на жалба до Банката во врска со работењето на Системот за Електронско банкарство во рок од 15 дена од увидот во банковиот извод.
Банката му гарантира на Клиентот извршување на сите правилно пополнети налози во рокови, кои се пропишани или договорени согласно Законот за Платен промет и терминскиот план за вршење на платен промет во земјата.
Сите податоци, дејствија и околности, за кои Банката дознава при извршување на услугите за Клиентот и при соработката со Клиентот се сметаат за доверливи и се деловна тајна. Банката, наведените податоци, дејствија и околности ќе ги открие само во случаи и на начин, пропишан со закон.
Банката се обврзува дека ќе ги чува сите лични податоци на овластените лица и ќе ги користи исклучиво за службени потреби, како што е наведено на апликацијата за Системот за Електронско банкарство.

Банката му пресметува на Клиентот надоместоци согласно со важечката тарифа на Банката и Договорот за отварање и водење на денарска сметка. Тарифата на Банката е изложена на увид во Банката, како и на нејзината веб страна.
Банката може, согласно важечкото законодавство и/или својата деловна политика, да ги менува и дополнува условите за користење на Системот за електронско банкарство, и за тоа мора да го запознае Клиентот.
Клиентот, доколку не се согласува со измените односно дополненијата на условите, е должен, во рок од 15 дена од приемот на известувањето, да го откаже користењето на Системот за Електронско банкарство. Во спротивно ќе се смета дека ги прифаќа измените односно дополненијата.

**Откажување на системот за електронско банкарство**

Банката може со известување еднострано да го откаже користењето на Системот за Електронско Банкарство без отказен рок, како и да го исклучи Клиентот од Системот без никакви оштетни и други обврски кон Клиентот, доколку Клиентот:

• по опомената не ги исполни своите обврски кон Банката
• го отстапи Договорот или предметот на договарање на друго физичко лице
• намерно или случајно предизвика неправилно работење на Системот
• ги прекршува одредбите на склучениот Договор или важечките прописи и со прекршувањата продолжува и покрај опомената, или прекршокот не го отстрани во рокот што му го одредила Банката
• веднаш писмено не и ги соопшти на Банката сите измени во неговите податоци или околности, кои би можеле да влијаат на склучувањето или извршувањето на Договорот/ите склучен/и со клиентот.

Од денот на стапување на сила на откажувањето на правото на користење на Системот за Електронско банкарство, Банката го блокира пристапот и користењето на Системот за Електронско банкарство и ги побарува сите ненаплатени побарувања од Клиентот според важечката тарифа на Банката.
Подносителот на апликацијата за Системот за Електронско банкарство и дозволува на Банката да ги провери сите податоци наведени во неа, како и да обезбеди дополнителни информации. Банката има право да ги наплати сите побарувања од сите сметки на Клиентот, кои ги има во Банката.
Сите информации кои Клиентот може да ги превземе од Банката во електронска форма, Банката ќе престане да ги испраќа по пошта штом успешно ќе се инсталира Системот за Електронско банкарство согласно овој Договор,

## II.2 ПОСЕБНИ ДЕЛОВНИ РЕГУЛАТИВИ (ПРАВНИ ЛИЦА)

**23.Master Business дебитна картичка**

*ОПШТИ ПРАВИЛА ЗА ИЗДАВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ДЕБИТНА КАРТИЧКА*

**Издавање и активација на картичка**

-Картичката е и останува во сопственост на Банката и истата мора да биде вратена во Банката по нејзино барање.
-Картичката и активацискиот ПИН мора да се подигнат лично од клиентот во Банката, односно да бидат предадени лично на клиентот доколку картичката се испраќа по пошта.
-Картичката има важност од пет години од датумот на издавање.
-Активирањето на картичката започнува по внес на активацискиот ПИН, кој се променува со првото внесување на картичката на банкомат во опцијата за Промена на ПИН на банкоматите. Промената на активацискиот ПИН заради активирање на картичката не подлежи на наплата на провизии од страна на Банката согласно официјалниот тарифник на банката.
-По успешното активирање на картичката, истата се користи, односно корисникот/овластеното лице се идентификува со внес на променетиот ПИН (во натамошниот текст ПИН код).

**Издавање и активирање на картичка доставена по пошта**

- Доколку клиентот живее во населено место (град) каде банката нема Услужна единица, банката ќе му ја достави на клиентот картичката по пошта на адресата која е регистирана во банкарскиот систем на банката согласно валиден документ за идентификација приложен од клиентот. Доставата на картички по пошта во овој случај е апликативна за новоизработени картички, како и за картичка изработени поради губење, кражба или злоупотреба на постоечка картичка.
- При прием на пратката, клиентот е должен да провери дали пратката е уредно спакована во затворено плико. Доколку постои сомнеж дека пратката не е уредно доставена, клиентот е должен истото да го пријави веднаш во Контакт Центарот на банката. Клиентот има право да одбие прием на пратка за која се сомнева дека не е уредно доставена. Со потпишување на формулар за прием клиентот се согласува дека примил уредна пратка.
-По приемот на картичката, овластеното лице е должно веднаш да ја потпише картичката на местото предвидено за потпис на задната страна на картичката. Со потпишувањето на картичката овластеното лице ги прифаќа Општите правила за издавање и користење на MasterCard Business/ дебитна картичка за правни лица.
- Банката на клиентот заедно со картичката му доставува и активационен ПИН. За активирање на картичката клиентот е должен да се јави во Контакт Центарот. По успешно реализирана идентификација на клиентот преку Контакт Центарот на банката со метод на верификација на идентификационен код на клиентот. Клиентот добива идентификационен код преку СМС порака испратена на мобилниот телефон на клиентот кој е потврден од стана на клиентот со формулар за ажурирање на податоци. Картичката ќе може да се активира на било кој банкомат на територијата на Р. Северна Македонија.

**Користење на картичката**

-Клиентот има обврска да ги плати сите трошоци кои произлегуваат од употребата на картичката согласно со тарифата на Банката. Клиентот може да ја употребува истата за купување и плаќање на стоки и услуги на сите продажни места во Северна Македонија и во странство означени со знакот на соодветната дебитна картичка, како и за плаќања преку интернет или телефон.

-Секое повлекување на готовина на ПОС терминали повлекува наплата на провизија согласно тарифата на Банката.
-Клиентот може да внесува готовина на банкоматите во сопственост на Банката
-Банката му овозможува на клиентот да направи промена на ПИН-от и во текот на користењето на картичката преку банкоматите на банката или преку е-банкарство доколку опцијата е овозможена. Промена на ПИН-от се наплаќа согласно важечкиот Официјален тарифник на банката.
-Во случај кога картичката е со истечен рок на важење, оштетена или слично, Клиентот мора истата да ја врати во Банката, а одговорно лице од Банката мора да ја поништи со пресекување на картичката на два дела.
-Клиентот е обврзан да ги плати сите трошоци поврзани со извршените трансакции.
-Во случај на губење, заборавање или блокирање на картичката и ПИН кодот, Банката овозможува повторно издавање согласно официјалниот тарифник на Банката.
-Оваа дебитна картичка е поврзана со една главна сметка. .
-Клиентот ја овластува Банката да ги задолжи неговите трансакциски сметки за износот на секоја трансакција, и за секое плаќање кои произлегуваат од употребата на картичката во Република Северна Македонија или во странство.
-Клиентот го прифаќа важечкиот курс на Банката на денот на трансакцијата и административните трошоци поврзани со трансакциите.
-Промена на максималниот лимит на картичката се реализира на барање на клиентот во филијалите на банката или преку системот за електорнско банкарство доколку опцијата е овозможена.

**Рекламации**

-Во случај на било какви рекламации во врска со квалитетот и квантитетот на стоките и услугите, Клиентот мора да ги разреши со трговецот. Банката не е одговорна за квалитетот и квантитетот на стоките и услугите купувани со картичката. Без оглед на рекламацијата, Клиентот е должен да ги подмири сите износи направени со користењето на картичката.
-Сите неправилности на пресметковното ливче/белешката овластеното лице е должно да ги разреши со продажното место на лице место за време на купувањето на стоката или користењето на услугата.
-Сите дополнителни рекламации овластеното лице ги решава непосредно со продажното место.
-Без оглед на рекламацијата, правното лице е должно да ги подмири сите трошоци направени со користењето на картичката од страна на овластеното лице.
-Доколку правното лице смета дека некои трошоци му се неточно пресметани или не му припаѓаат, може да се обрати на Банката поради разјаснување. При тоа мора да поднесе Извод од трансакциска сметка и комплетна документација за предметната рекламација
-Доколку Банката утврди дека рекламацијата е оправдана, трансакциската сметка на правното лице кое е поврзана со картичката ќе биде одобрена за рекламираниот износ. Во случај на неоправдана рекламација, правното лице ги сноси сите трошоци на започнатиот процес за рекламација.
-Рокот за поднесување на рекламација е 8 (осум) дена од датумот на печатење издавање на изводот на трансакциската сметка, со кој правното лице е известен за трошоците направени со картичката
-Банката не сноси одговорност за штети настанати при употреба на картичката и кои се резултат на околности на кои банката не може да влијае, како што се: одбивање и неисправно авторизација поради грешки во центарот на авторизација или телекомуникациска линија, прекин на електрична енергија, расипување на банкомат инт.
-Банката не сноси одговорност за потенцијално одбивање од страна на трговецот да ја прифати картичката.
-Користењето на картичката може да биде оневозможено во електронските читачи поради физички, топлински или магнетени оштетувања и деформација на картичката. Во наведените случаи банката не сноси одговорност за оневозможувањето да се реализира трансакција.
Престанок на важност на картичката
-По истекот на рокот на важноста, картичката не е активна и не смее да се користи. Банката реализира автоматска обнова на картичките со кои клиентот има најмалку 6 трансакции во последните 12 месеци од валидност на картичката.
- Картичката се обновува во рок од пет години доколку правното лице редовно ги исполнува своите обврски и кога трансакциската сметка поврзана со картичката е активна.. Во случај кога правното лице не сака да му биде обновена картичката на Овластеното лице, мора да ја извести Банката по писмен пат, намалку 30 дена пред истекот на важноста на картичката. Во спротивно картичката автоматски се обновува и правното лице се задолжува на трансакциската сметка на правното лице согласно тарифата на Банката.

**Откажување на картичката**

-Банката може да ги одземе привилегиите за користење на картичката на Клиентот во секое време без одобрение на Клиентот.
-Банката има право да ја затвори картичката, доколку Клиентот не ја употребува истата на банкомат или ПОС терминал во временски период подолг од дванаесет месеци.
-Трговците можат да ја задржат картичката, да ја пресечат на два дела пред очите на Клиентот и да ја однесат во Банка, во случај на користење на картичката од страна на друго лице или по добивање инструкции од Банката.
-Во двата случаи, раскинувањето нема да има влијание на постоечките и нереализирани обврски на Клиентот според Договорот.

**Ограничување/Раскинување на Договор/Блокирање на картичката**

-Банката го задржува правото да го раскине Договорот и да ја блокира картичката во секое време, доколку се посомнева во начинот на користење на картичката.
-Картичката ќе остане во сопственост на Банката која може по сопствено дискреционо право да ја прекине важноста или да ја блокира картичката во секое време. Клиентот во тој случај треба да престане да ја користи картичката и веднаш да ја врати во Банката. Клиентот ќе биде одговорен доколку продолжи да ја користи картичката по истекувањето на нејзината важност.

**24. MasteeCard business кредитна картичка**

*ОПШТИ ПРАВИЛА ЗА ИЗДАВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА КРЕДИТНА КАРТИЧКА*

**Издавање и активација на картичка**

- Картичката е и останува во сопственост на Банката и истата мора да биде вратена во Банката по нејзино барање.
- Картичката може да биде издадена на секое лице кое има право да отвори трансакциска сметка во Банката или е овластено на трансакциска сметка отворена во Банката.
- Картичката и активацискиот ПИН мора да се подигнат лично од Клиентот во Банката.
- Картичката има важност од две години од датумот на издавање.
- Активирањето на картичката започнува по внес на активацискиот ПИН, кој се променува со првото внесување на картичката на банкомат во опцијата за Промена на ПИН на банкоматите. Промената на активацискиот ПИН заради активирање на картичката не подлежи на наплата на провизии од страна на Банката согласно официјалниот тарифник на банката.
- По успешното активирање на картичката, истата се користи, односно Клиентот се идентификува со внес на променетиот ПИН (во натамошниот текст ПИН код).

**Користење на картичката**

- Клиентот има обврска да ги плати сите трошоци кои произлегуваат од употребата на картичката согласно со тарифата на Банката. Клиентот може да ја употребува истата за купување и плаќање на стоки и услуги на сите продажни места во Република Северна Македонија и во странство означени со знакот на соодветната картичка, како и за плаќања преку интернет или телефон.
- Секое повлекување на готовина на ПОС терминали повлекува наплата на провизија согласно тарифата на Банката.
- Банката му овозможува на клиентот да направи промена на ПИН-от и во текот на користењето на картичката преку банкомати или преку е-банкарство доколку опцијата е овозможена. Промена на ПИН-от се наплаќа согласно важечкиот Официјален тарифник на банката.
- Во случај кога картичката е со истечен рок на важење, оштетена или слично, Клиентот мора истата да ја врати во Банката, а одговорно лице од Банката мора да ја поништи со пресекување на картичката на два дела.
- Клиентот е обврзан да ги плати сите трошоци поврзани со извршените трансакции.
- Во случај на губење, заборавање или блокирање на картичката и ПИН кодот, Банката овозможува повторно издавање согласно официјалниот тарифник на Банката.
- Клиентот го прифаќа важечкиот курс на Банката на денот на трансакцијата и административните трошоци поврзани со трансакциите.
- Промена на максималниот лимит на картичката се реализира на барање на клиентот. Промената може да се направи во експозитурите на банката или преку Системот за електронско/мобилно банкарство доколку истото е овозможено.

**Рекламации**

- Во случај на било какви рекламации во врска со квалитетот и квантитетот на стоките и услугите, Клиентот мора да ги разреши со трговецот. Банката не е одговорна за квалитетот и квантитетот на стоките и услугите купувани со картичката. Без оглед на рекламацијата, Клиентот е должен да ги подмири сите износи направени со користењето на картичката.
- Банката не сноси одговорност за штети настанати при употреба на картичката и кои се резултат на околности на кои банката не може да влијае, како што се: одбивање и неисправна авторизација поради грешки во центарот на авторизација или телекомуникациска линија, прекин на електрична енергија, расипување на банкомат инт.
- Банката не сноси одговорност за потенцијално одбивање од страна на трговецот да ја прифати картичката.
- Користењето на картичката може да биде оневозможено во електронските читачи поради физички, топлински или магнетени оштетувања и деформација на картичката. Во наведените случаи банката не сноси одговорност за оневозможувањето да се реализира трансакција.

**Престанок на важност на картичката**

- По истекот на рокот на важноста, картичката не е активна и не смее да се користи. Банката реализира автоматска обнова на картичките, доколу клиентот редовно го подмирувал долгот за време на важењето на картичката.
- Банката го задржува правото да не изврши обнова на картичката по истекување на рокот на истата.

**Откажување на картичката**

- Банката може да ги одземе привилегиите за користење на картичката на **Клиентот** во секое време без одобрение на **Клиентот**.
- Трговците можат да ја задржат картичката, да ја пресечат на два дела пред очите на **Клиентот** и да ја однесат во Банка, во случај на користење на картичката од страна на друго лице или по добивање инструкции од Банката.
- Во двата случаи, раскинувањето нема да има влијание на постоечките и нереализирани обврски на **Клиентот** според Договорот.

**Ограничување/Раскинување на Договор/Блокирање на картичката**

- Банката го задржува правото да го раскине Договорот и да ја блокира картичката во секое време, доколку се посомнева во начинот на користење на картичката.
- Картичката ќе остане во сопственост на Банката која може по сопствено дискреционо право да ја прекине важноста и/или да ја блокира картичката во секое време. Клиентот во тој случај треба да престане да ја користи картичката и веднаш да ја врати во Банката. **Клиентот** ќе биде одговорен доколку продолжи да ја користи картичката по истекувањето на нејзината важност.

**Законска регулатива и надлежности**
Секое користење на картичката кое не е во согласност со општите правила за издавање и користење на кредитна картичка, ќе предизвика автоматско откажување на картичката и Банката има право да превземе законски постапки против **Клиентот**.